**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
***КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА***
**Ул. Св„Кирил и Методиј“бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
***Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk***

УП бр: 10-103
Скопје: 02.12.2020

**До**

**Развојна Банка на Северна Македонија АД**

**(Врска: Ваш бр. 03-7537/1 од 18.11.2020 година)**

**Предмет: Доставување на решение**

Почитувани,

Во прилог Ви се доставува Решението на Комисијата за заштита на конкуренцијата бр. 10-103 од 02.12.2020 година.

Согласно член 29 став 1 од Законот за контрола на државната помош ("Службен весник на РМ" бр. 145/10) во Службен весник на Република Македонија се објавуваат решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Во Службен весник на Република Македонија, Комисијата за заштита на конкуренцијата го објавува диспозитивот на решението.

Согласно член 29 став 2 од Законот за контрола на државната помош, решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата се објавуваат и на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата. На веб страницата се објавува целото решение.

Во врска со горенаведеното, а имајќи го во предвид членот 30 од Законот за контрола на државната помош и член 57 (деловна или службена тајна) од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на РМ" бр. 145/10), потребно е во рок од 8 дена од денот на приемот на ова Решение, во истото да ги обележите деловите кои се деловна тајна и кои како такви не треба да бидат објавени на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Притоа, должни сте при доставувањето на податоци кои се определени како деловна тајна, тоа да го оправдате со наведување на објективни причини.

Доколку не се изјасните во наведениот рок, Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе смета дека Решението не содржи податоци кои претставуваат деловна тајна и истото ке биде објавено во целост.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**

Бр: 10-103
Скопје: 02.12.2020

Врз основа на член 10 и член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/10), а постапувајќи по Известувањето за планирано доделување на помош бр. 10-103 од 18.11.2020 година, поднесено од Развојната банка на Северна Македонија, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 02.12.2020 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Комисијата за заштита на конкуренцијата при испитување на Известувањето за планирано доделување на помош бр. 03-7537/1 (наш бр. 10-103) од 18.11.2020 година, поднесено од страна на Развојната банка на Северна Македонија како дavател на државната помош, утврди дека:

Мерката Директно кредитирање на деловните субјекти погодени од корона вирусот, микро и мали трговски друштва, трговци поединци и занаетчии регистрирани во Република Северна Македонија во износ од 38.617.940 денари односно 626.000 евра односно 115.853.820 денари или 1.878.000 евра за три години **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош **со оглед на тоа дека претставува помош од мало значење во смисла на член 4 точка 4 од Законот за контрола на државната помош.**
**Се задолжува Развојната банка на Северна Македонија да води прецизна евиденција согласно член 8 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење („Службен весник на Република Македонија,, бр. 141/11).**

## Образложение

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка, односно дали истата претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош.

Секој давател на државната помош, дефиниран во член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош, е должен, според член 13 став (1) од Законот за контрола на државната помош, до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Постапувајќи во согласност со обврската за известување, Развојната банка на Северна Македонија, како давател на државна помош до Комисијата за заштита на конкуренцијата достави Известување за планирано дополнително доделување на помош за директно кредитирање на деловните субјекти погодени од корона вирусот, и тоа микро и мали трговски друштва, трговци поединци и занаетчии регистрирани во Република Северна Македонија во вкупен износ од 38.617.940 денари или 626.000 евра, односно 115.853.820 денари или 1.878.000 евра бр. 10-103 од 18.11.2020.

Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека Известувањето е уредно и ги содржи сите податоци предвидени во член 14 став (1) од Законот за контрола на државната помош, како и тоа дека Известувањето е во согласност со Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 142/11) и како ден на прием на уредно известување се смета 18.11.2020 година.

Комисијата за заштита на конкуренцијата во законски предвидениот рок го испита доставеното Известување за планирано доделување на државна помош за директно кредитирање на деловните субјекти погодени од корона вирусот и ја утврди следната фактичка состојба:

- **Давател на државна помош е:** Развојната банка на Северна Македонија;
- **Корисник на државната помош е:** Шема на помош – кредитокорисници кои се микро и мали трговски друштва, трговци поединци и занаетчии регистрираниo во Република Северна Македонија ;
- **Правен основ за доделување на државната помош** претставува правниот акт врз основа на која се доделува помошта:
- Договор за администрирање на фонд за микро и мали претпријатија бр. 15-8574 од 17.11.2020 година склучен помеѓу Владата на Република Северна македонија и Развојна Банка на Северна Македонија АД Скопје,

  За да се утврди дали една мерка преземена од страна на давателот на државната помош претставува државна помош, се оценува дали се исполнети на кумулативен начин четирите следни критериуми:

- Таквата мерка да опфаќа трансфер на државни средства;
- Да биде селективна;
- Да претставува економска поволност за примателот и
- Да има влијание врз конкуренцијата и трговијата

Со Договорот за администрирање на Фондот за микро и мали претпријатија бр.15-8547/1 од 17.11.2020, склучен помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Развојна Банка на Северна Македонија АД Скопје (РБСМ), предвидено е директно кредитирање на деловни субјекти погодени од корона вирусот. Целта на овој Договор е спроведување на мерката за воспоставување на бескаматна кредитна линија со грант компонента наменета за микро и мали претпријатија во износ од 60.000.000 денари. Притоа, максималниот износ на кредитот кој може да биде одобрен на кредитокорисникот трговското друштво не може да надмине износ од 922.500 денари а за трговец поединец и занаетчија максималниот износ не може да надмине износ од 307.500 денари. Минималниот износ на кредит кој може да биде одобрен на кредитокорисникот од оваа кредитна линија не може да биде помал од 184.500 денари. Корисници на овие кредити се микро и мали трговски друштва, трговци поединци и занаетчии регистрирани во Република Северна Македонија.

Средствата од кредитната линија за подршка на микро и мали предпријатија со можност за грант компонента (КОВИД 3), РБСМ кон кредитокорисниците ќе пласира во денари со камата од 0% на годишно ниво и 0% административна провизија за управување на кредитот. Кредитите ќе се одобруваат со рок на отплата до 3 години со вклучен грејс период до 6 месеци.

Отплатата на кредитот од страна на кредитокорисникот ќе се врши квартално на 31.12, 31.03, 30.06 и 30.09.

РБСМ во договорите за кредит ќе вгради одредба за грант компонента, односно можност на кредитокорисникот да му се отпушти долг во износ од 30% од износот на кредитот, доколку кредитокорисникот спаѓа во некоја од следниве категории:

Категорија 1:

- Има жена/жени во сопственичка структура најмалку од 50% или
- Раководен од жена (жена –управител)

Категорија 2:

- Млади до 29 години во сопственичка структура најмалку 50% или
- Е раководен од млад до 29 години (млад –управител),

Категорија 3:

- Е кредитокорисник – извозник со учество на приходот од странство со повеќе од 50% во финансиските извештаи за последната фискална година

Категорија 4:

- Е кредитокорисник за реализација на проекти
- За зелена економија (ветерници, соларна енергија, третман на вода, производство на биомаса заради обновливи извори на енергија)
- За модернизација и дигитализација на деловните процеси преку набавка на опрема и/или воведување на нов начин на продажба (е-продажба)
- Воведување на нови производи и услуги.

Мерката предвидена во правниот основ ги исполнува сите четири критериуми преку кои се утврдува дека истата претставува државна помош.
Со оглед на утврдените факти, Комисијата за заштита на конкуренцијата утврди дека во овој случај се работи за **помош од мало значење (de minimis помош)** во смисла на член 4 точка 4 од Законот за контрола на државната помош. Тоа е помош која може да биде доделена во сите области, освен во областа на производство на јаглен, доколку износот на доделената помош по корисник не надминува вкупно 200.000 евра за период од три години, односно вкупно 100.000 евра во областа на патниот сообраќај за период од три години.

Согласно член 8 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11), Развојната банка на Северна Македонија е обврзана да води прецизна евиденција во врска со помошта и да достави податоци за кои ја води евиденцијата на Образец кој е даден во Прилогот кој е составен дел на Уредбата.

Заради горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Согласно член 26 став (3) од Законот за контрола на државната помош тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Правна поука**: Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**